**Известување за концентрација со која КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК, Србија ќе стекне контрола над Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-164/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.11.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК (QUANTOX TECHNOLOGY DOO ČAČAK), со регистрирано седиште на ул.Епископа Никифора Максимовиќа бр.31, Чачак, Република Србија ќе стекне целосна директна контрола над Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Петар ПопАрсов бр.8-001 кат 01/1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Деловните активности на КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДОО ЧАЧАК се од сферата на информатичката технологија и вклучуваат дигитална продукција, сите аспекти на развивање на софтвер, QA & тестирање, услуги за апликација, и дизајн, проследено со управувани ИТ услуги и поддршка.

Деловните активности на КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје се од сферата на информатичката технологија и вклучуваат компјутерско програмирање и развивање на софтвер и истото има продажби и остварува приходи само во странство.

Учесниците во концентрацијата предлагаат за целите на ова известување релевантниот пазар на стоки да се дефинира како пазар на компјутерско програмирање и развивање на софтвер.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.11.2023 година
Скопје